**20150562083**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 188 и член 215 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Правилникот за запишување на инфраструктурните објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 64/14 и 183/14), по членот 12 се додава нов член 12-а кој гласи:

„Член 12-а

(1) Инфраструктурните објекти кои се запишани во катастарот на недвижности, Агенцијата по службена должност ќе ги пренесе во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности.

(2) За пренесување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, носителите на правата запишани во катастарот на недвижности е потребно да достават до Агенцијата, во писмена форма, табеларен преглед на податоци за инфраструктурни објекти, и тоа податоци за: реден број, сопственик на инфраструктурниот објект, име на катастарската општина, број на имотниот лист, шифра на инфраструктурниот објект, идентификатор на инфраструктурниот објект, име на инфраструктурниот објект, висина на инфраструктурниот објект, материјал на столбот, надморска висина на основата на инфраструктурниот објект и надморска висина на теренот. Во табеларниот преглед, податоците за редниот број, сопственикот на инфраструктурниот објект, името на катастарската општина, бројот на имотниот лист, шифрата на инфраструктурниот објект, идентификаторот на инфраструктурниот објект и името на инфраструктурниот објект ги пополнува сопственикот на инфраструктурниот објект, а податоците за висината на инфраструктурниот објект, материјалот на столбот, надморската висина на основата на инфраструктурниот објект и надморската висина на теренот ги прибира и ги пополнува трговец поединец овластен геодет, односно трговско друштво за геодетски работи.

(3) За пренесување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти се донесува потврда за запишување/промена на инфраструктурен објект.

(4) Инфраструктурните објекти за кои се изготвени геодетски елаборати за легализација на бесправен инфраструктурен објект, до влегувањето во сила на Правилникот за геодетски работи за посебни намени („Службен весник на Република Македонија“ број 159/13) со цел нивно запишување во катастарот на недвижности (антенски столбови и телекомуникациска опрема и градби), Агенцијата ќе ги земе во постапка на запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти. За запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, подносителите на пријавата е потребно до Агенцијата, покрај пријавата, геодетскиот елаборат, правниот основ за запишување и доказот за платен надоместок, во писмена форма да достават табеларен преглед со податоци за инфраструктурни објекти согласно со ставот (2) од овој член.

(5) Формата и содржината на табеларниот преглед на податоци за инфраструктурни објекти од ставот (2) на овој член се дадени во Прилог број 11 кој е составен дел на овој правилник.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-5087/1
2 април 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова**, с.р.

Прилог бр. 11

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

| Ред. број | Сопственик на ИО | КО (име)* | Број на ИЛ* | Шифра на ИО (од член 35 од Правилникот за премер на недвижности) | Идентификатор на ИО | Име на ИО | Висина на ИО (м) | Материјал на столбот | Надморска висина на основата на ИО (Ho координата) (м) | Надморска висина на теренот (Ht координата) (м) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

*Податоците се пополнуваат само за инфраструктурни објекти кои се запишани во катастарот на недвижности.

Податоците ги пополнува:

1. Сопственик на ИО ........................................................

М.П.

2. Трговец поединец овластен геодет / трговско друштво за геодетски работи ..........................................................

Овластен геодет.................................................. М.П.